# Изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ
# ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
# 2013-2017

## ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ

- Реконструкција, асфалтирање, тампонирање и проширување на дел од патот Десово - Браилово, Ропотово – Црнилиште, патниот правец Воденица – Бело Поле – Вранче и Средорек, патниот правец Ропотово – Лажани – Житоше, патниот правец Десово – Дупјачани – Забрчани – Мало Мраморани, патниот правец Дупјачани - Дреновци и Дупјачани – Небрегово, патниот правец Костинци – Зрзе, Костинци - Сливје, Костинци – Долгаец – Маргари
- Изградба на канализација во Десово и во Ропотово
- Изградба на спортски и детски игралишта во селата Долнени, Сенокос, Секирци, Заполжани, Ропотово, Браилово и во Бело Поле
- Поврзување на водоводната мрежа од селата Мало Мраморани, Рилево и Сливје со системот на Студенчица
- Реконструкција на водоводната мрежа во селските водоводни мрежи во Новоселани, Ропотово, Дебреште и Зрзе
- Ставање во функција на канализацијата во Десово и во Ропотово
- Чистење и изградба или реконструкција на речното корито во Десово, Житоше и во Дебреште
- Изградба на мост и асфалтирање на патот на реката во с. Житоше
- Изградба на резервоар за вода за с. Заполжани
- Формирање индустриска зона и привлекување странски инвестиции
- Преземање напори за започнување со работа на амбулантата во селото Долнени и изградба на нова амбуланта во селото Секирци
- Преземање напори за намалување на цената на водата и намалување на цената на комуналната такса

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Особен акцент ќе биде ставен врз унапредување и зацврстување на соработката помеѓу локалната самоуправа, приватниот сектор и бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор. Дополнително значајна енергија и ресурси ќе вложиме и врз процесот на привлекување инвеститори и компании кои ќе вршат откуп на тутун преку изградба на откупни пунктови за тутун, а истовремено ќе вложиме напори за формирање индустриска зона во општината со цел да се привлечат домашни и странски инвестиции.

### Проект Изработка на нова Стратегија за развој на локалната економија со акциски план за периодот 2013-2020

**Опис:** Новата Стратегија за развој на локалната економија со акциски план за периодот 2013-2020 ќе ги содржи главните цели и насоки за целокупното стопанство и економскиот развој на општината Долнени. Преку оваа стратегија ќе се фокусираме на приоритетните области за развој на економијата, а тие се инфраструктурата, образованието, земјоделството и туризмот.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

### Проект Поддршка при формирање и развој на индустриска зона

**Опис:** За реализација на проектот ќе извршиме комплетна урбанистичко- техничка подготовка и ќе ја промовираме можноста за изградба на индустриски капацитети на заинтересирани инвеститори. Помошта од страна на општината ќе биде изразена во делот на ослободување од сите комунални давачки.

**Средства:** 100.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Покрај проектите „Бесплатни учебници за сите ученици од основното и од средното образование", „Бесплатен Интернет во сите основни и во сите средни училишта", „Опремување на училиштата и на училишните кабинети", кои континуирано ќе се имплементираат во наредниот период и ќе се финансираат со средства обезбедени од програмите на Владата на Република Македонија, од особено значење за нас ќе бидат и следниве проекти:

### Проект Реконструкција на училишта

**Опис:** Преку реконструкцијата на училиштата во селата Долнени и Заполжани ќе создадеме услови за следење и одвивање на поквалитетна настава:

- ЦОУ „Пецо Даскало" во Долнени
- ПОУ „Пецо Даскало" во Заполжани.

**Извор на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: за Долнени до 2014, а за Заполжани до 2015.

### Проект Реконструкција на основни училишта

**Опис:** Со цел обезбедување просторни услови за одвивање квалитетна настава во основните и во средните училишта на територијата на општината Долнени ќе извршиме реконструкција на училишната инфраструктура. Со овој проект предвидуваме реконструкција на:

- ОУ „Мирче Ацев", с. Лажани – реконструкција на греење,
- ОУ „Лирија", с. Житоше - реконструкција на греење.

**Извор на финансирање:** Буџет на Република Македонија
Рок за реализација: септември 2016.

**Проект Реконструкција и санација на средните и на основните училишта**
**Опис:** Преку овој проект ќе се оствари реконструкција на средните и на основните училишта во општината, со што значително ќе се подобрат условите за изведување и следење на наставниот процес. Реконструкцијата и санацијата ги опфаќа следните училишта:

- СОУ „Мирко Милевски“ - истурени паралелки во с. Житоше,
- ОУ „Пере Тошев“, подрачно училиште во с. Дреновци.

**Извор на финансирање:** Буџет на Република Македонија
Рок за реализација: 2013.

**Проект Изградба на две училишни спортски сали**
**Опис:** Со цел поттикнување на правилен психофизички развој и поттикнување на спортскиот и натпреварувачкиот дух кај младите и кај возрасните, во соработка со централната власт ќе изградиме две спортски сали и тоа во:

- ОУ „Пецо Даскалот“ во с. Долнени

Рок за реализација: 2016,

**Доизградба на спортската сала во ПУ „Дрита“**
**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија.
Рок за реализација: 2014.

**Проект Организирање локални натпревари по математика, природни науки и иновации во соработка со основните училишта**
**Опис:** Локалната самоуправа на Долнени предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди награди и ќе биде патрон на локалните натпревари по математика, природни науки и иновации. Училиштата како соработници во овој проект ќе вршат осмислување на методологијата на оценување на натпреварувачите, додека пак, целосниот концепт на натпреварите би требало да го осмислат општината и училиштата заедно.
**Средства:** 100.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општина
Рок за реализација: 2013-континуирано.

Истовремено, ние ќе се залагаме и ќе ги искористиме сите расположливи демократски и легални процеси и механизми за да издејствуваме да се стават во функција училиштата во населените места и села каде има можност да се одвива настава, и до нив секојдневно да доаѓа наставен кадар за да не патуваат децата, како што е сегашната ситуација.

# СПОРТ И МЛАДИ

**Проект Изградба на едно повеќенаменско спортско игралиште**
**Опис:** Најдобар начин да се создадат услови за развој на масовниот спорт и спортот за сите генерации во нашата општина е преку изградба на повеќенаменските игралишта. Повеќенаменското игралиште ќе биде ставено на располагање на сите граѓани за спортување, рекреирање и за натпреварување. Игралиштето ќе може да се користи деноноќно и ќе биде место за собирање и дружење на младите генерации, како и основа за создавање здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење.
**Средства:** 5.000.000,00 денари
**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013- 2015.

**Проект Изградба на спортски терени во селата Долнени и Секирци**

**Опис:** Преку изградбата и опремувањето на спортски терени за мал фудбал ќе го поттикнеме развојот на спортскиот дух кај младите. Истовремено ќе придонесеме за правилен физички развој и рекреација на младите генерации, но и на сите што се расположени да спортуваат.

**Средства:** 4.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2014.

**Проект Спортско лето „Спорт за сите“**

**Опис:** Тргнувајќи од стратешките приоритети изнесени во Националната програма за развој на спортот, предвидена е реализација на проект преку кој ќе се изврши популаризација на повеќе спортови. Проектот Спортско лето „Спорт за сите“, има за цел, на едно место, во период од неколку денови во летниот период да се врши презентација на различни спортови и да се одржуваат бесплатни часови за обука.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Основање училишни спортски клубови**

**Опис:** Во насока на унапредување на системот на натпревари во училишниот спорт ќе се заложиме за основање училишни спортски клубови во повеќе спортови. На овој начин ќе го поттикнеме негувањето и развојот на училишниот спорт во нашата општина.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија и буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

**Проект Поддршка за учество во училишни лиги во повеќе спортови**

**Опис:** Активностите за организирање и спроведување на натпреварите во училишните лиги ќе се спроведат во соработка со Федерацијата за училиштен спорт и другите општини. Преку овој проект ќе се овозможи неопходната поддршка за учество на младите во општински, зонски и регионални натпревари помеѓу училишните екипи во повеќе спортови.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината и буџет на Република Македонија

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Возобновување на практикувањето на т.н. маалски фудбал и баскет**

**Опис:** Поаѓајќи од стратешките приоритети изложени во Националната програма за развој на спортот во делот на спортската рекреација, односно „Спортот за сите“, во соработка со повиканите национални спортски федерации, предвидено е креирање концепт и воспоставување систем на натпревари во т.н. маалски фудбал и баскет за маалски тимови, кои подоцна би се вклучиле во систем на општински, зонски, регионални и државни натпревари. Во таа насока општината ќе овозможи целосна поддршка за возобновување на практикувањето на т.н. маалски фудбал и баскет.

**Извори на финансирање**: Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Организација на спортски натпревари, турнири и настани**

**Опис:** Ќе даваме свој придонес при организација на повеќе спортски манифестации и турнири како што се турнирот во мал фудбал, турнирите во кошарка и други спортски настани.

**Средства:** 300.000,00 денари

**Извори за финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Трибини за подигнување на свеста кај младите за претприемништво**

**Опис:** Целта на трибините ќе биде да се истакнат можностите за младите што се создаваат преку развивање на претприемничката иницијатива. На нив ќе се презентираат позитивните примери на успешни претприемачи и ќе се дискутира за поволностите што ги нуди државата за започнување сопствен бизнис.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013–континуирано.

**Проект Организирање хуманитарна акција за помош на младите од социјално загрозени семејства - ДОНИРАЈ!**

**Опис:** Ќе овозможиме објавување на известувања од страната на општината за потребата и начинот на донирање на парична помош, облека, спортска опрема, спортски реквизити и друго.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Кампања Стоп за пороците**

**Опис:** Преку системот на образование, но и преку одржување трибини во населените места во општината ќе се влијае врз младите со цел избегнување на штетните последици од конзумирање на наркотични средства и алкохол, како и други пороци.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Организирање доброволна крводарителска акција во која учество ќе земат и спортистите**

**Опис:** Ќе организираме доброволни крводарителски акции во Долнени во соработка со спортистите и со Црвениот крст, со цел давање позитивен пример кај младите за подигнување на хуманитарната свест.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање**

**Опис:** Овој проект ќе се спроведе преку:

- Формирање локален младински совет. За да се обезбеди институционално учество на младите во донесување одлуки во локалната самоуправа ќе се формира локален совет на млади. Преку локалниот младински совет би се обезбедило активно учество на младите во процесите на донесување одлуки, во општествениот јавен живот. Во рамките на поддршката на локални младински проекти, единицата на локалната самоуправа ќе обезбеди средства преку својот буџет, со што би ги поттикнала младите луѓе да бидат активни и да размислуваат и да дејствуваат кон подобрување на средината и заедницата во која живеат. На тој начин, се создава партнерство преку кое младите и единицата на локалната самоуправа заеднички ќе го подобруваат квалитетот на живеење во општината. Овој проект ќе се спроведува од страна на единицата на локалната самоуправа, а во соработка со Агенцијата за млади и спорт и со невладините организации.

- Подготвување локална младинска стратегија. Целта на локалната младинска стратегија е посеопфатно третирање на проблемите на младите и изнаоѓање решенија за истите. Иницијативата произлегува од Агенцијата за млади и спорт преку приоритетите изложени во Националната стратегија за млади и акцискиот план за спроведување на истата. Овој проект ќе се спроведува од страна на општината во соработка со Агенцијата за млади и спорт и со невладините организации.
- Формирање младински информативни и советодавни центри. Преку овие центри младите ќе имаат пристап до сеопфатни, разбирливи, точни, навремени и употребливи информации, дизајнирани според нивните потреби, како и нивно директно учество во процесот на младинско информирање на неформален начин, во пријателска атмосфера, при што ќе имаат можност за размена на најдобрите практики и искуства, проблеми и можности за соодветна обука. Овој проект ќе се спроведува од страна на општината во соработка со Агенцијата за млади и спорт и со невладините организации.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013–континуирано.

# ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

### Проект Субвенционирање на курсеви по информатика за возрасни од посебни категории

**Опис на проектот:** Проектот обезбедува надградба на знаењата од областа на информатиката за граѓаните на општината Долнени, нивно полесно вклучување во општествените процеси и олеснување на пристапот при комуникација. Исто така, преку овој проект ќе се овозможи постигнување повисок степен на информатичка подготвеност на населението и нивна поголема мобилност во извршување на работните задачи и секојдневните активности. Во согласност со потребите на граѓаните, ваков тип обуки ќе се организираат континуирано повеќе пати годишно. Целна група за реализација на овој проект се лица над 45 години, подолго невработени лица, лица со посебни потреби и лица со ниски примања.

**Средства:** 300.000,00

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: континуирано.

# УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

### Проект Измени и дополнувања на урбанистички планови за урбани блокови во Долнени и изработка на нови

**Опис:** Со цел да се опфатат и да бидат вградени барањата за бесправно изградени објекти ќе извршиме измена и дополнување на урбанистичките планови за урбаните блокови во Долнени и ќе донесеме нови за сите населени места каде има потреба за тоа.

**Средства:** 2.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2017.

# КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

**ВОДОСНАБДИТЕЛНИ СИСТЕМИ**

**Проект Поврзување на водоводниот систем на повеќе населени места со хидросистемот Студенчица.**
**Опис:** Преку поврзувањето на водоводните системи на населените места ќе овозможиме вода за пиење за жителите на селата Рилево, Сливје, Зрзе, Долгаец и Мало Мраморане.

**Средства:** 2.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2016.

**Проект Изградба на резервоар за вода за с. Заполжани**
**Опис:** Изградбата на резервоарот за вода со зафатнина од околу 50 до 60 кубици во селото Заполжани ќе овозможи вода за околу 300 жители.

**Средства:** 7.500.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2016.

**Проект Реконструкција на водовод за населеното место Дебреште**
**Опис:** Новопроектираниот систем за водоснабдување на населеното место Дебреште ќе се напојува со вода од каптираниот извор над селото, за кој постои АБ-резервоар и доводен цевковод. Со овој проект се предвидува санација на постојниот резервоар, како и замена на дел од дотраениот цевковод. Исто така, се предвидува изградба на блатни испусти на краевите на секој крак од уличната мрежа, како и воздушни вентили. Освен тоа, преку овој проект во населеното место Дебреште ќе бидат поставени вкупно шест противпожарни хидранти (два на кракот К1 и по еден на К2, К3, К4 и К5).

**Средства:** 4.923.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: почеток на 2014.

**Проект Изградба на потисен цевковод и резервоар од 300 м3 за водоснабдување на населеното место Житоше**
**Опис:** Преку овој проект ќе се изготви техничко решение за изведба на доводен цевковод за водоснабдување на населеното место Житоше од регионалниот водовод Студенчица и изградба на резервоар со волумен од 300 м3. Доводниот цевковод ќе биде со вкупна должина од 1101,54 м, а ќе се изведе со црево РЕ 100 Ф 90 мм со притисок од 6 бари. За правилно работење на цевководот планирани се два испустни и два воздушни вентили. Исто така, предвидена е и изградба на армирано-бетонски резервоар од 300 м3, со вградување на неопходна хидромеханичка опрема.

**Средства:** 9.386.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: крај на 2014.

**Проект Заштита на регионален природен извор за вода - Дебреште**
**Опис:** Заштитата на регионалниот природен извор за вода – Дебреште, која ќе се овозможи преку овој проект, е во соработка со општините од Пелагонискиот плански регион. Реализацијата на проектот опфаќа физичка и биохемиска заштита на природниот извор - Дебреште.
**Средства:** 305.660,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013-2014.

**КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ**

**Проект Изградба на канализациски систем во населеното место Десово и во селото Ропотово**

**Опис:** Ќе овозможиме соодветен процес на собирање и третман на фекалната канализација, со што ќе се подобрат условите за функционирање на населението во населеното место Десово и во селото Ропотово. Со тоа ќе бидат подобрени условите за живот на повеќе од 900 жители.

**Средства:** 6.500.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2016.

**Проект Чистење и реконструкција на речното корито во Десово, Житоше и во Дебреште**

**Опис:** Овој проект ќе овозможи нормален водотек во речните корита кои поминуваат низ овие села.

**Средства:** 500.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

**Проект Изградба на забавни детски паркови**

**Опис:** Преку овој проект ќе овозможиме креирање на детско катче за разонода на најмалите генерации. Детските паркови ќе бидат опремени со лулашки, клупи и други реквизити кои ќе овозможат корисно пополнување на слободното време. Детските паркови ќе бидат изградени во селата Сенокос, Заполжани, Бело Поле и Браилово.

**Средства:** 400.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2015.

## УРЕДУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Проект Замена на постојните тела за осветлување со нови поекономични**

**Опис:** Замената на стандардните светилки со нови поекономични на повеќе светлосни столбови во општината Долнени ќе овозможи заштеда на електрична енергија, а со тоа намалување и на буџетските расходи.

**Средства:** 4.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2015.

**Проект Проширување на мрежата за јавно осветлување во селата Пешталево, Браилово, Слепче, Локнени и Костенци**

**Опис:** Преку овој проект ќе овозможиме поставување нова мрежа за јавно осветлување, која ќе има повеќе сијалични места кои ќе бидат со бетонски столбови. Со тоа ќе создадеме услови за безбедно движење на повеќе од 700 жители во вечерните часови.

**Средства:** 2.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2015.

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**Поддршка на земјоделците** преку отворање посебен центар за редовно информирање на примарните производители, обука на земјоделците за подготовка на проекти за искористување на ИПАРД-средствата за изградба на производни и преработувачки капацитети и другите мерки на поддршка на Владата на Република Македонија, советувања за употреба на добри земјоделски и хигиенски практики за сточарите за подобрување на квалитетот на млекото;

**Општината особено ќе ги поддржи иницијативите за започнување нови сточарски бизниси** во делот на говедарството, овчарството и козарството;

**Поддршка на формирање земјоделски задруги** заради подобрување на статусот на ситните земјоделци на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување основни услови за работа и функционирање (простории, помош за патувања и др.);

- **Промоција и популаризација на развојот на органското производство, сточарството, собирањето и третманот на самоникнатите растенија, на руралниот туризам**, како и на искористување на средствата од програмите за финансиска поддршка и ИПАРД преку советувања со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и од Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и други стручни лица;
- **Поддршка во формирање на машински прстени** за заедничко користење на механизација на земјоделците поддржани од програмите на Владата на Република Македонија и ИПАРД;
- **Привлекување на инвеститори** (домашни или странски) преку олеснување на условите за градба и објавување локација за отворање на откупен центар за земјоделски производи, со што треба да се подобри пласманот на земјоделските производи во општината и да се овозможи поквалитетна понуда за потрошувачите;
- **Константно посредување и зајакнување на соработката меѓу индивидуалните земјоделци и преработувачите од РМ** како и соработка со странски преработувачи и увозници на земјоделски производи од нашиот регион.

## Проект Донесување Програма за локален рурален развој

**Опис:** Со четиригодишната програма ќе се опфати изградба на полски патчиња на територијата на општината кои треба да го олеснат пристапот на земјоделците до обработливите површини, изградба на патчиња во населените места од општината и други инфраструктурни објекти кои ќе придонесуваат за подобрување на условите за живот, како и реконструкција и одржување (чистење) на каналите за наводнување.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: јуни 2013.

## Проект Олеснување на процесот на аплицирање во фондови за земјоделство и аплицирање за субвенции во земјоделството и руралниот развој

**Опис:** Овој проект ќе овозможи давање едукациски и советодавни услуги од страна на посебно назначен тим во општинската администрација со цел да се олесни процесот на аплицирање и добивањето субвенции.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013–континуирано.

# ТУРИЗАМ

## Проект Изготвување и спроведување на Стратегија за развој на туризмот во општината Долнени

**Опис:** Локалната стратегија за развој на туризмот во општината Долнени ќе биде во целост усогласена со Националната програма за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија. Локалната стратегија за развој на туризмот во општината Долнени ќе даде акцент на:

- Промоција на можностите со план за обезбедување на потребните ресурси и капацитети за развој на спортски, еко, планински, рекреативен и здравствен туризам;
- Промоција на можностите со план за обезбедување на потребните ресурси за развој на културниот туризам, со значаен осврт и на т.н. манастирски, односно црковен туризам и изработка на мапа на религиозни објекти на територијата на општината Долнени;
- Промоција на можностите со план за обезбедување на потребните ресурси и капацитети за развој на руралниот туризам;
- Развивање на можностите за лов и риболов.
- Извори на финансирање: Буџет на општината

Рок за реализација: 2013–2017.

## Проект Поставување на туристичка сигнализација

**Опис:** Преку поставувањето на туристичка сигнализација, која ќе опфати поставување на патокази, мапи, информативни табли и друго, ќе се овозможи дополнителна зголемена информираност на туристите што доаѓаат во Долнени. Сето тоа ќе овозможи дополнителен развој на туризмот во општината и ќе се овозможи поголема промоција на атрактивните туристички дестинации во Долнени.

**Средства:** 300.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2014.

# КУЛТУРА

## Проект Промоција и поддршка на фестивалот на народни песни и танци „Пеце Атанасовски“

**Опис:** Општинската администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе даде силна поддршка и ќе овозможи соодветна промоција на фестивалот на народни песни и танци „Пеце Атанасовски“, кој традиционално се одржува во населеното место Долнени.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013–континуирано.

## Проект Промоција на културните вредности и знаменитости на општината Долнени

**Опис:** Овој проект опфаќа изработка на стратегија за промоција на културните вредности и знаменитости на општината Долнени, како што е спомен- куќата на Блаже Конески во селото Небрегово.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

## Проект Отворање училишна библиотека во селото Ропотово

**Опис:** Со цел да овозможиме поголема достапност до литературните дела и книги за населението максимално ќе се ангажираме за приспособување и отворање библиотека во

селото Ропотово. Притоа, општината ќе помогне во збогатување на книжниот фонд во библиотеката.

**Средства:** 500.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

### Проект Организирање денови на дијаспората (во текот на летните месеци)

**Опис:** Преку овој проект ќе се спроведува осмислена неколкудневна програма за дружење со сонародниците што се иселени во странство. Оваа програма ќе опфаќа културни дружења, а особен акцент ќе биде даден на деловни средби и состаноци. Проектот ќе има за цел да се приберат средства (добротворни прилози од дијаспората), со која ќе се реализира некаква цел од локално значење.

**Средства:** 100.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општина/ донации од иселеници

Рок за реализација: 2013–континуирано.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Проект Зголемување на меѓународната соработка

**Опис:** Преку овој проект ќе извршиме промоција на нашата општина преку одржување заеднички настани, конференции и трибини со други општини од странските држави со цел да ја зголемиме нашата меѓусебна соработка.

**Средства:** 500.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општините

Рок за реализација: 2013-континуирано.

## БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

### Проект Сигнализација за побезбедна сообраќајна околина

**Опис:** Проектот опфаќа поставување и обележување на сообраќајни помагала за забавување на брзината на возилата во околината на детските градинки, основните и средните училишта и на најфреквентните улици, како и во поголемите населени места како Лажани и Ропотово.

**Средства:** 200.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

### Проект Обука за ракување со противпожарни апарати и превенција и заштита од пожари за ученици од средните и од основните училишта

**Опис:** Ќе овозможиме поголема безбедност на учениците и наставниците во училиштата.

**Средства:** 250.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано.

### Проект Часови за едукација на учениците во училиштата од областа на сообраќајот

**Опис:** Преку овој проект ќе извршиме зголемување на безбедноста на учениците и подобрување на сообраќајната култура на децата и младите во градот. Предавачи на овие едукациски часови ќе бидат членовите на општинскиот совет за безбедност на патиштата.

**Средства:** 250.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината
Рок за реализација: 2013-континуирано.

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

### Проект Отворање на дисперзирано одделение на Центарот за социјална работа

**Опис:** Отворањето на дисперзираното одделение на Центарот за социјална работа ќе го подигне степенот на достапност на услугите за сите на кои тие услуги им се потребни. На овој начин ќе продолжиме посветено да работиме на ефикасно задоволување на потребите на граѓаните преку остварување на нивните права и услуги.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2016.

### Проект Пристапни рампи - право на секое лице со посебни потреби

**Опис:** Лицата со посебни потреби имаат основно загарантирано право на физички пристап до јавните институции на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и другите институции што им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата. ВМРО-ДПМНЕ се залага за политика која обезбедува „ЕДНАКВИ ПРАВА И МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ“. Со изградба на пристапните рампи се премостува физичката попреченост и се овозможува достапна средина за лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење. Задоволувањето на основните човекови потреби е ПРАВОТО на лицата со попреченост за кое се залага политиката на ВМРО-ДПМНЕ и хумана обврска на секој граѓанин во општеството во целина. ВМРО-ДПМНЕ и понатаму продолжува да ја унапредува положбата на инвалидните лица како наши сограѓани на кои им е неопходна помош и поддршка. ВМРО-ДПМНЕ е тука за СИТЕ.

**Средства:** 6.000.000,00 денари (за четири години)

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2017.

### Проект Формирање на советодавен пункт за олеснување при вработувањето

**Опис:** Ќе формираме општински советодавен пункт преку кој ќе се даваат информации за помош и совети при вработување. Општинската администрација согласно со своите политики за намалување на невработеноста, во соработка со Агенцијата за вработување на РМ и со Центарот за социјални работи, преку трибини, лични средби и посети во домовите на граѓаните ќе помага и ќе ги поттикнува невработените да аплицираат за вработување преку активните политики за вработување, при тоа посветувајќи посебно внимание на унапредувањето на положбата на ранливите групи меѓу кои и децата без родители, самохраните родители, постарите лица од 55-62 години, професионалните војници, жртвите на семејно насилство и лицата со посебни потреби, како и спречување на ризиците од нивно маргинализирање.

**Средства:** 800.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013–2017.

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- **Поевтините лекови, при што продолжуваат заложбите за дополнителни намалувања на цените на лековите.** Со тоа се овозможува поголема достапност на лековите, но и сериозна заштеда на финансиски средства во здравствените установи и кај граѓаните;

- **Бесплатното болничко лекување за пензионери** доколку е нивната пензија పониска од просечната во Република Македонија;
- **Бесплатната ХПВ-вакцина за спречување на ракот на матката** кај женската популација, скрининзи, превенција на кардиоваскуларни болести;
- **Бесплатните здравствени превентивни прегледи за проверка на холестерол, гликемија во крв**, кои се прават на пунктовите и при тоа се делат брошури и материјали за промоција на здрав начин на исхрана и стил на живеење;
- **Националниот систем за закажување интервенции**, чиј почеток претставува проектот „Мој термин", со кој во голема мера се придонесе кон намалување на времето на чекање на пациентите за одредени здравствени услуги и дијагностички процедури;
- **Обезбедувањето услови за стручно усовршување на здравствените работници** и на здравствените соработници;
- **Реорганизирањето и зајакнувањето на здравствените домови** - зголемување на бројот и видот на услугите со фокус на населението во руралните средини, вклучително и унапредување со опрема и доекипирање на поливалентна (повеќефункционална) патронажна служба во нивните рамки - проект кој во голема мера ќе придонесе кон зајакнување на соработката помеѓу матичните гинеколози и патронажните сестри со цел навремено меѓусебно информирање за бремени и породени жени, зголемување на бројот и видот на услугите што ќе бидат давани од страна на патронажните сестри на населението во руралните средини.

# ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Проект Изградба на мост во селото Житоше

**Опис:** Со изградбата на овој пешачки мост на реката во селото Житоше ќе овозможиме поголема безбедност при движењето на релацијата што ги поврзува двете страни на селото.

**Средства:** 500.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: првата половина на 2015.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

### Проект Реконструкција на локалниот пат Железничка станица Браилови – село Десово

**Опис:** Овој проект опфаќа реконструкција на локалниот пат од Железничката станица Браилово до селото Десово во должина од 1.626 метри.

**Средства:** 5.200.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: прва половина на 2014.

### Проект Реконструкција, асфалтирање и тампонирање на повеќе патишта

**Опис:** Преку овој проект во четиригодишниот мандат ќе овозможиме реконструкција, асфалтирање и тампонирање на следните патишта: Ропотово – Црнилиште, Воденица – Бело Поле – Вранче и Средорек, Ропотово – Лажани – Житоше, Десово – Дупјачани – Забрчани – Мало Мраморани, Дупјачани - Дреновци и Дупјачани – Небрегово, Костинци – Зрзе, Костинци - Сливје, Костинци – Долгаец – Маргари.

**Средства:** 20.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината/ Буџет на Република Македонија
Рок за реализација: 2013-2017.

**УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ**

**Проект Реконструкција и уредување на тротоари и изградба на нови**
**Опис:** Преку реконструкцијата и уредувањето на тротоарите и изградбата на нови тротоари ќе ги подобриме условите за движење на пешаците и континуирано ќе придонесуваме за зголемување на безбедноста на пешаците како учесници во сообраќајот. Особен фокус ќе бидат поголемите населени места како што се Ропотово, Сенокос и Бело Поле.

**Средства:** 300.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013–континуирано.

# ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

**Проект Поддршка за говедарство и свињарство**
**Опис:** Со овие сточарски гранки се занимава дел од населението во Долнени. Поради тоа, општината ќе дава поддршка во вид на ослободување од комуналии или некој друг начин на поддршка на овие дејности.